МИНИСТЕРСТВО  ЗА  ЕКОНОМИЈА

Предлог
на Закон за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија

Скопје, октомври 2009 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија е донесен во јуни 2004 година а измените и дополнувањата на истиот се донесени во јули 2008 година. Со законот е основана Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија заради зголемен прилив на странски директни инвестиции.

За успешно реализирање на утврдената политика на Владата за унапредување на извозот и конкурентноста Минисерството за економија оценува дека е потребна соодветна институција која ќе биде ефикасна, конкурентна и професионална, каде компаниите на едно место ќе ги добиваат сите релевантни информации и услуги

Со овој закон се предлага основање на нова Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија и укинување на постојната Агенција за странски инвестиции на Република Македонија. Со Законот се предвидува проширување на надлежноста на Агенцијата со делот на промоција на извозот кој досега беше во надлежност на повеќе институции.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлогот на Законот, ги презема досегашните одредби од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции на Република Македонија по однос на правниот статус, принципите на работа, органите на Агенцијата и надлежностите на Управниот одбор и директорот на Агенцијата. Со предлогот се предвидува проширување на надлежноста на Агенцијата во делот на промоција на извозот. Исто така, во делот за Управниот одбор, се предвидува прецизирање на составот и мандатот на членовите на одборот, како и измена и дополнување на преодните и завршните одредби на постојниот закон со што се обезбедува континуитет во работењето и остварувањето на активностите на сегашната Агенцијата.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот за основање на нова Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија за 2010 година.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Законот потребно е да се обезбедат дополнителни финансиски средства, почнувајќи од 2011 година, и истите ќе се утврдат во Стратегијата за промоција на извозот, што треба да се подготви во текот на 2010 година.